РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO D AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-135
02.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-135 од 18.5.2026 година и Предлогот Уп1 бр.08-135 од 28.5.2026 година, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2261/3 од 1.6.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 21. седница одржана на 1.6.2026 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 7.9.2023 г.

## Образложение

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) на 18 седница одржана на 20.5.2026 г., со Заклучок арх.бр.02-2165/2 од 20.5.2026 г., го усвои предлогот на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, Уп1 бр.08-135 од 18.5.2026 г. и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-778 од 7.9.2023 г., поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај арх.бр.05-2151/1 од 15.5.2026 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од АВМУ, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на АВМУ.

Во врска со тоа, од страна на АВМУ на 21.5.2026 г. до горенаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-135 од 21.5.2026 г., за негово известување дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Известувањето на 21.5.2026 г. беше доставено и во

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

електронска форма на официјалната електронска адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во ЦРРСМ и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Меѓутоа, на 27.5.2026 г. од страна на Секторот за финансии и логистика до Директорот на Агенцијата доставено е Известување, арх.бр.05-2151/2 од 27.5.2026 г. дека ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, на 21.5.2026 година, извршил уплата во износ од 3.695.000,00 (три милиони и шестотини и деведесет и пет илјади) денари и на 26.5.2026 г., извршил уплата во износ од 334.334,00 (триста триесет и четири илјади и триста триесет и четири) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од ЗАВМУ, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-135 од 18.5.2026 година година и Предлогот Уп1 бр.08-135 од 28.5.2026 година, а согласно Заклучокот арх.бр.02-2261/3 од 1.6.2026 година, Советот на Агенцијата, на 21. седница одржана на 1.6.2026 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.